# ЗАПИСНИК

од 7-ма седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС,
Скопје, 12 декември, 2024 г.

<u>**Присутни**</u>: Дејан Митески (Градоначалник на Општина Аеродром), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Миле Петков (Градоначалник на Општина Виница), Сашо Кукески, (претседател на Совет на Општина Гази Баба), Андон Сарамандов (Градоначалник на Општина Гевгелија), Коста Маневски (Градоначалник на Општина Зелениково), Димитар Костадиноски ( Градоначалник на Општина Јегуновце), Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Златко Ристов (Градоначалник на Општина Конче), Бошко Цветковски (Градоначалник на Општина Лозово), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Борче Митевски (Градоначалник на Општина Петровец), Алија Јаоски (Градоначалник на Општина Пласница), Бобан Цветановски, (заменик Градоначалник на Општина Старо Нагоричане), Иван Јорданов (Градоначалник на Општина Штип), Сеад Исмаил, (Претседател на Совет на Општина Шуто Оризари), Трајко Славески (Претседател на Совет на Град Скопје), Изабела Павловска (Претседател на Совет на Општина Крива Паланка), Тони Коњановски (Градоначалник на Општина Битола), Бесник Емши (Градоначалник на Општина Боговиње), Киро Нацков (Градоначалник на Општина Градско), Хекуран Дука (Градоначалник на Општина Дебар), Лазар Петров (Градоначалник на Општина Демир Капија),Борчо Коцев (Градоначалник на Општина Зрновци), Томе Христоски (Градоначалник на Општина Крушево), Ивана Ѓорѓиевска, претседателна Совет на Општина Куманово, Медат Куртовски (Градоначалник на Општина Маврово и Ростуше), Димчо Атанасовски (Градоначалник на Општина Македонска Каменица), Драганчо Саботковски (Градоначалник на Општина Могила), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Јован Тозиевски (Градоначалник на Општина Ресен), Аријан Ибраим (Градоначалник на Општина Центар Жупа), Убавка Шкакарова, (со овластување од Градоначалник на Општина Чучер-Сандево), Ридван Ибраими (Градоначалник на Општина Арачиново), Адем Јашари, (со овластување од Јовица Илиевски градоначалник на Општина Брвеница), Агим Зибери, со овластување од Валбон Лимани, в.д. градоначалник на Општина Гостивар), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Бљерим Сејди (Градоначалник на Општина Желино), Александар Георгиевски (Градоначалник на Општина Илинден), Тодорче Николовски (Градоначалник на Општина Кратово), Николче Мисскоски (Градоначалник на Општина Кривогаштани), Горан Стојанов (Градоначалник на Општина Неготино), Александар Китански (Градоначалник на Општина Пехчево), Ирена Стерјовска - Локвенец, (претседател на Совет на Општина Прилеп), Борче Спасовски (Градоначалник на Општина Ранковце), Дејан Владев (Градоначалник на Општина Свети Николе), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Габриела Илиевска (Претседател на Совет на Општина Битола).

**Дискусија**:

Генералното Собрание констатираше дека има кворум за работа и на оваа седница може полноправно да носи одлуки.

Генералното Собрание едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на записникот од шестата седница на Генералното собрание;
2. Обраќање на претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски;
3. Усвојување на предлог Буџетот на ЗЕЛС за 2025 и предлог Акцискиот план на ЗЕЛС за 2025 г.;
4. Одлука за утврдување на висината на надомест за користење на информациските системи со кои управува ЗЕЛС заради обезбедување на нивна стабилност и одржливост на предлог на Управниот одбор на ЗЕЛС.
5. Одлука за Кооптирање на членови во Комитетот на совети при ЗЕЛС;
6. Разно

**ПРВА ТОЧКА**: Усвојување на записникот од шестата седница на Генералното собрание;

Записникот од 6-та седница на Генералното собрание, доставен со материјалите за оваа седница беше едногласно усвоен без забелешки.

**ЗАКЛУЧОК**: Генералното собрание донесе Заклучок за усвојување на Записникот од 6-та седница на Генералното собрание.

**ВТОРА ТОЧКА**: Обраќање на претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски;

Претседателот на ЗЕЛС се обрати на присутните и ги информираше за активностите преземени во текот на 2024 година. Тој особено го нагласи процесот на рационализација на училишната мрежа која се одвива во вкупно 28 општини со целосна вклученост на ЗЕЛС. Поврзано со состојбите во образованието, се очекува во процесот на утврдување на предлогот - буџетот за следната година, да бидат опфатени во рамките на буџетските преговори со Владата на Републиката и средства потребни по сите основи во образованието. На оваа тема управниот одбор на ЗЕЛС има разговарано во повеќе наврати и заклучокот е дека ова е еден од приоритетите на ЗЕЛС.

Состојбата со противпожарната заштита, односно средствата за противпожарните единици со кои управуваат општините е исто така прашања од приоритетно значење кое треба да се надмине во претстојниот период - незадоволни сме од огромниот обем на средства како учество на општините во финансирањето на надлежноста на противпожарната заштита, која достигнува до речиси 50% од вкупно потрошените средства за оваа намена на ниво на Републиката. Овие средства се обезбедуваат од буџетите на секоја општина која има своја противпожарна единица и оваа состојба е недопуштено да продолжи на ваков начин. Следно прашање на кое ЗЕЛС ќе работи во пристојниот период е прашањето за поедноставување на постапката за експропријација за изградба на објекти од јавен интерес, а веќе е постигнат успех со измени на Законот за градење каде при изградба на објекти од јавен интерес, истите, по сила на закон, се ослободени од надомест за уредување на градежно земјиште.

Претседателот на ЗЕЛС ги информираше присутните делегати и за отпочнатиот процес на усогласување на ставовите во однос на изготвување на Предлог - Закон за изменување и

дополнување на Законот за локалната самоуправа, со кој ќе бидат опфатени повеќе прашања а особено акцент ќе се стави на прашањето за повикување на одговорност на градоначалниците во рамките на нивниот тековен мандат преку користење на механизмот на организирање на референдум за отповикување на нивниот мандат. Станува збор за работна група во која ќе бидат вклучени експерти, претставници на општините и министерството за локална самоуправа. Овој процес е инклузивен, а со оглед на тоа што сегашниот состав на избрани градоначалници се наоѓа во последната година од истекот на својот мандат, процесот кој ќе биде постигнат со измените на законот ќе се однесува од следниот мандат на градоначалници во иднина. На овој начин се овозможува дополнителна демократизација на процесите на локално ниво.

Претседателот исто така истакна дека процесот на децентрализација мора да го следи и обезбедување на соодветни финансиски средства за општините со оглед на пренесените надлежности. Компаративно, нашата држава е на многу ниско ниво во споредба со финансиската децентрализација на многу држави во регионот и во Европа. На ова прашање ЗЕЛС интензивно ќе работи во рамките на соработката со Владата врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка. Барањата за обезбедување на 50% од персоналниот данок на доход и 10% од данокот на додадена вредност се и понатаму највисок приоритет на ЗЕЛС, истакна Претседателот на ЗЕЛС.

Претседателот информираше дека ЗЕЛС работи и на донесување на законот за комунална полиција но и на прифатената иницијатива на општина Аеродром со која се утврди текст на Предлог - Закон со кој глобите за нелегално одлагање на отпад ќе се зголемат повеќекратно и од сегашните 300 до 500 евра ќе бидат зголемени на четири до шест илјади евра. Претседателот ги информираше делегатите дека долгоочекуваниот процес на организирање на полагање за стекнување со овластување за управување со градежното земјиште е на прагот на самата реализација, за што се добиени уверувања од надлежното Министерство а транспорт.

Претседателот на ЗЕЛС исто така отворено изрази незадоволство од ставот на неколку градоначалници во однос на нивното членство во ЗЕЛС. Тој истакна дека е недопуштено, заради остварување на локален интерес да се загрозува единството и моќта на организацијата како што е ЗЕЛС, за таквиот став да се известува јавноста преку медиумите а самата организација да не биде директно известена туку за тоа да дознае преку истите соопштенија дадени во медиумите. Тој укажа дека на крај сепак сите станаа свесни за значењето на нивната матична организација и ги променија своите ставови.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Усвојување на предлог Буџетот на ЗЕЛС за 2025 и предлог Акцискиот план на ЗЕЛС за 2025 г.;

Во однос на Предлог - Буџетот и Предлог - Акцискиот план на ЗЕЛС за 2025 година, присутните делегати на Генералното Собрание ги информираше извршниот директор на ЗЕЛС. Таа истакна дека во текот на следната година, обврска на организацијата е да изготви нов Стратешки план кој ќе биде на сила од 2026 до 2030 година. Заклучно со 2025 година, истекува важноста на актуелниот стратешки план на ЗЕЛС. Со буџетот и со активностите утврдени со акцискиот план, во целост се предлага реализација на трите стратешки цели опфатени со тековниот Стратешки план, а тоа се застапување и лобирање на единиците на локална самоуправа, обезбедување на услуги и јакнење на капацитетите на општинската администрација (првенствено организирање на обука). Како во текот на 2024 година, кога се преземени огромен обем на активности, истиот тренд се предлага и со Предлог - буџетот и со Предлог - Акцискиот план за 2025 година.

Она што загрижува, беше истакнато, е фактот дека приходите на ЗЛЕС се со надолен тренд на реализација, а тоа е заради акумулираните долгови на општините по основ на

неплатена членарина. За оваа 2024 година наплатата на членарината изнесува речиси 60% во услови кога трошоците за тековно работење и обезбедување на услугите кои ги ЗЕЛС ги набавува за да може да ги остварува своите основни функции, се со тренд на постојано зголемување на цените. Досега, на многу настани и во многу прилики до сите општини се апелираше редовно и навремено да ја платат членарината кон ЗЕЛС заради тоа што нивните средства се од егзистенционално значење за нивната организација.

Најголем дел од расходите по основ на услугите кои ЗЕЛС ги обезбедува за своите членки – општините, се во најголем дел расходите по основ на одржување на информациските системи, односно електронските услуги кои ЗЕЛС ги пружа на општините. Следни по висина на расходи се расходите по основ на платите и надоместоците на платите за вработените во стручната служба на ЗЕЛС, но не треба да се занимаваат и расходите по основ на тековни обуки кои ЗЕЛС ги организира за општинската администрација преку својот ЗТЦ, (ЗЕЛС тренинг центар).

**ОДЛУКА:** Генералната собрание на ЗЕЛС донесе одлука со која го усвојува Финансискиот план - Буџетот на ЗЕЛС за 2025 година.

**ОДЛУКА:** Генералното собрание на ЗЕЛС донесе одлука со која го усвојува планот на активности - акцискиот план на ЗЕЛС за 2025 година.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Одлука за утврдување на висината на надомест за користење на информациските системи со кои управува ЗЕЛС заради обезбедување на нивна стабилност и одржливост на предлог на Управниот одбор на ЗЕЛС.

Одлуката за утврдување на висината на надомест за користење на информациските системи со кои управува ЗЕЛС заради обезбедување на нивна стабилност и одржливост, Генералното собрание на ЗЕЛС ја разгледува и по истата одлучува на предлог на Управниот одбор на ЗЕЛС кој го утврди текстот на содржината на истата Одлука на својата последна седница.

Заради обезбедување на соодветен износ на средства кои ќе се користат исклучиво за потребите на тековно одржување на информациските системи со кои управува ЗЕЛС, на Генералното собрание му беше предложено да ја донесе оваа Одлука, со која се предлага секоја општина да плати годишен надомест во висина од 20 денари по жител, согласно бројот на жители утврден со последниот попис на население. Со одлуката исто така се предлага и намачување на надоместокот во висина од 50% за општините кои тековно и редовно ја платиле членарината кон ЗЕЛС заклучно со претходната година, најдоцна до месец март во годината кога се утврдува овој годишен надомест со фактура. Одлуката исто така предвидува и мерки на ограничување на општините да спроведуваат постапки на отуѓување на градежно земјиште сопственост на Републиката по пат на електронско јавно надавање. Ова во никој случај не е значи било какво ограничување на физичките и правни лица и понатаму да поднесуваат барања и по истите општините да постапуваат и да носат акти без ограничување, и тоа барања кои произлегуваат од Законот за градење и Законот за градежно земјиште. Но, општините кои не го платиле надоместокот нема да имаат можност да спроведат електронска постапка на јавно наддавање за отуѓување на градежно земјиште.

Оправданоста на оваа Одлука беше образложена со фактот дека трошоците за заштита, чување, складирање на податоците и одржување на информациските системи, заради зголемувањето на цените на услугите на пазарот, но пред се заради зголемување на обемот на податоците кои трајно се чуваат во дигитална форма во рамките на ЗЕЛС, истите трошоци мора да бидат надоместени од општините преку утврдување на овој надомест.

**ОДЛУКА**: Генералното собрание на ЗЕЛС едногласно ја усвои Одлуката за утврдување на висината на надомест за користење на информациските системи со кои управува ЗЕЛС заради обезбедување на нивна стабилност и одржливост.

**ПЕТТА ТОЧКА**: Одлука за Кооптирање на членови во Комитетот на совети при ЗЕЛС;

На предок на Претседателот на Комитетот на совети при ЗЕЛС, а особено поради неможноста овој орган тековно непречено да работи поради тоа што речиси половина од членовите на овој орган веќе не се со мандат кој им дава право да членуваат во овој посебен орган на ЗЕЛС (врз основа на Статутот), Генералното собрание на ЗЕЛС на оваа седница отвори расправа за утврдување на предлог на членови кои ќе бидат кооптирани како членови во Комитетот на совети.

Согласно статутот на ЗЕЛС, членовите на Комитетот на совети се истовремено и делегати на Генералната собрание на ЗЕЛС.

Генералното собрание отвори дискусија по ова прашање при што беше предложено за нови членови во Комитетот на советите да бидат кооптирани Претседателите на советите од истите општини на кои навремено биле избрани членовите чиј мандат престанува, а заради обезбедување на континуитет во работата на овој орган.

**ОДЛУКА**: Генералното собрание на ЗЕЛС констатираше дека престанува мандатот на четири членови во Комитетот на совети орган при ЗЕЛС, и на нивно место ги избира за членови следните лица:

1. г. Наим Исмаили, Претседател на Совет на општина Тетово,
2. г. Даниел Јаневски, Претседател на Совет на општина Велес,
3. г-ѓа Светлана Комненовиќ, Претседател на Совет на општина Кисела Вода,
4. г. Перо Божиновски, Претседател на Совет на општина Охрид.

**ШЕСТА ТОЧКА**: Разно

Во рамки на точката разно, збор зеде Претседателот на Советот на град Скопје, г. Трајко Славески, кој ги образложи околностите во кои взаемно тешко функционираат Советот на градот Скопје и Градоначалничката на градот Скопје. Ова особено доаѓа до израз во овој период кога е потребно да се донесе Буџетот на градот Скопје. Имено, како што беше образложено, согласно актите кои ги има усвоено Советот на градот Скопје, утврдени се рокови за преземање на активности и утврдување на предлог-документи кои треба да бидат доставени на разгледување пред овој орган, во фаза на усогласување на содржината на Предлог – Буџетот, пред истиот да биде конечно ставен на одлучување. Така, беше истакнато, дека рокот за утврдување на содржината на програмите кои подоцна треба да бидат преточени во содржината на Буџетот е 15 ноември, додека Предлог - Буџетот до Советот треба да биде доставен на 10-ти декември. Овој рок е утврден како доволен рок за да можат советниците да се запознаат со содржината на Предлог - Буџетот и по истиот, доколку за тоа има потреба, да истакнат амандмани. Според г. Славески, Градоначалничката на градот Скопје не ги испочитувала овие рокови заради што е доведено во прашање усвојувањето на Буџетот на градот Скопје за 2025 година.

Во продолжение г. Славески исто така побара од ЗЕЛС, во рамки на работната група која ќе ја утврдува иницијативата за изменување дополнување на Законот за локалната самоуправа, покрај предвидените прашања за утврдување на правото за отповикување на мандатот на градоначалникот преку референдум, со предлозите да се утврди и правото на Претседателот на советот да има пристап до сопствена администрација која ќе го

опслужува работењето на советот во своето тековно работење независно од волјата за соработка на градоначалникот.

Градоначалникот на општина Ѓорче Петров, г. Александар Стојкоски побара од ЗЕЛС (како градоначалник на општина во рамките на Градот Скопје) да организира итна средба на градоначалниците на десетте скопски општини со Градоначалничката на градот Скопје на кој ќе присуствува и Претседателот на советот на Град Скопје како Претседател на Комитетот на совети при ЗЕЛС. Оваа средба треба да има за цел искористување на планираните предвидени средства со Буџетите на поединечните општини во рамките на градот Скопје поврзани со претходни согласности или претходни активности на градот Скопје кои се неопходни за непречена реализација на проектите на секоја поединечно општина. Дополнително, а како главна причини беше изнесена и потребата од вакво усогласување заради претстојниот јавен повик на Владата на кој општините ќе можат да аплицираат за добивање на средства за реализација на инфраструктурни проекти, а овој повик се очекува да биде објавен во текот на месец март 2025 година.

**ЗАКЛУЧОК**: Генералното собрание на ЗЕЛС донесе Заклучок со кој го задолжи Претседателот на ЗЕЛС да организира состанок на кој ќе присуствуваат градоначалниците на десетте скопски општини, Претседателот на советот на град Скопје и Градоначалничката на градот Скопје заради надминување на сите отворени прашања а поврзани со взаемното функционирање на општините во рамките на градот Скопје и градот Скопје.

Скопје, 12 декември, 2024 г.

Составил,
Стручната служба на ЗЕЛС

**Заедница на единиците на**
**локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател**,
Орце Ѓорѓиевски